# Статистичко истражување за индустријата (годишно)

## ДС_ИНД.21_А_МК_2021_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за индустрија, градежништво и деловни тенденции | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Зоран Станојковски | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Раководител на одделение | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| zoran.stanojkovski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00 389 2 3295 656 | |
| **1.8** | **Факс** |
| | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 21/10/2022 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 21/10/2022 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 21/10/2022 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Производството на индустриски производи во натурални мерни единици и вредносни показатели, интерната потрошувачка на сопствените производи во натурални мерни единици, залихите на готови производи наменети за продажба во натурални мерни единици, реализацијата во натурални мерни единици и вредносни показатели, реализацијата на домашен пазар во натурални мерни единици и вредносни показатели.

### 3.2 Систем на класификации

-Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2,

-Национална номенклатура на индустриски производи - ННИП.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Опфат на секторите:

-B/Б - Рударство и вадење на камен,

-C/В - Преработувачка индустрија,

-D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и

-E/Д (оддел 38) - Услуги за собирање, обработка и отстранување на отпад, рециклирање на материјали.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

**Готов производ** - Под поимот готов производ се подразбира секој производ кој во процесот на производството достигнал соодветен степен на изработка, а во Номенклатурата на индустриски производи, која е составен дел на оваа методологија, е наведен под посебен назив, со шифра и единица мерка.

**Продадено производство** - Производство кое е продадено (фактурирано) во извештајниот период без разлика на временскиот период кога е остварено производството.

**Вкупно остварено производство** - Вкупно оствареното производство во извештајниот период, без разлика дали е продадено, дали е на залиха или се користи за понатамошна преработка.

### 3.5 Статистичка единица

Статистички единици се деловните субјекти распределени во областа на индустријата и рударството, во секторите од Националната класификација на дејности - НКД Рев.2:

- В/Б - Вадење на руди и камен,
- С/В - Преработувачка индустрија и
- D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и
- Е/Д (оддел 38) - Услуги за собирање, обработка и отстранување на отпад, рециклирање на материјали.

Статистички единици се и единиците на деловните субјекти кои произведуваат индустриски производи, а нивното матично претпријатие не припаѓа на индустриските сектори туку во шумарството, градежништвото и слично. Деловните субјекти кои индустриската дејност ја обавуваат на територијата на две или повеќе општини се делат на толку статистички единици колку што има општини на чија територија ја вршат дејноста.

## 3.6 Статистичка популација

Статистичка популација се сите деловни субјекти кои припаѓаат на некој од секторите:

- В/Б - Вадење на руди и камен,
- С/В - Преработувачка индустрија и
- D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и
- Е/Д (оддел 38) - Услуги за собирање, обработка и отстранување на отпад, рециклирање на материјали.

## 3.7 Референтна област

НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија)

## 3.8 Временска покриеност

- Од 1952-1999 според Единствена класификација на дејности (ЕКД) и Номенклатурата на индустриски производи;
- Од 2000-2008 според Националната класификација на дејности - НКД Рев.1 и Националната номенклатура на индустриски производи (ННИП);
- Од 2009 година се применува Националната класификација на дејности - НКД Рев.2 и Националната номенклатура на индустриски производи (ННИП).

## 3.9 Базен период

Не е применливо.

# 4 Единица на мерење

За секој производ од ННИП се прибираат натурални и вредносни податоци за производството, залихите на готовите производи, продажбата и вредноста на продажбата. Единиците мерки според ННИП се во согласност со номенклатурата за Надворешна трговија и се разликуваат за секој производ (Пр: тон, парче, м3, м2, илјада парчиња, илјада м2 и сл.)

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Година.

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

Национални: Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx )

Програма за статистички истражувања, 2018-2022 („Службен весник на РМ" бр.22/18,224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20 и 300/20.) ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.asp x?id=8 )

Меѓународни: Регулатива на Комисијата за имплементирање (ЕУ) 2020/1197 од 30 јули 2020 за утврдување на техничките спецификации и аранжмани во согласност со Регулативата (ЕУ) 2019/2152 на Европскиот Парламент и на Советот за европските деловни статистики.

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Податоци се доставуваат од 2012 година преку eDAMIS до ЕУРОСТАТ.

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ).

2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ), индивидуалните податоци не се објавуваат. Но, доколку се обезбедува пристап до микроподатоци од соодветното истражување, тогаш треба да се наведат методите кои се користат за спречување на разоткривање на податоците.

## 8 Политика за објавување

### 8.1 Календар на објавување

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопштенија, кој се ажурира квартално.

### 8.2 Пристап до Календарот на објавување

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

### 8.3 Кориснички пристап

Сите корисници имаат истовремено (или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

## 9 Фреквенција на дисеминација

Годишна.

## 10 Достапност и јасност

### 10.1 Соопштенија

Не е применливо, податоците од СИ не се објавуваат во соопштение.

### 10.2 Публикации

Статистички годишник (линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=845 )

### 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат базата на податоци - Индустрија - Индустриско производство во натурални показатели, по години

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Industrija__Bazna2015/525_Proizvodstvo_na_ind_proizv_po_godini_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5efhttp://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика (член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 ).

## 10.5 Друго

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

Податоците се доставуваат редовно преку ЕДАМИС до ЕУРОСТАТ.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Статистичкиот годишник“.
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFSG2016/11-IndGradEn-InConstrEner.pdf

## 10.7 Документација за квалитетот

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 ) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем (ESS Quality Assusrance Framework- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf ).
Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 46 и член 4в ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ).

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM). Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Податоците се користат од бизнис-заедницата, стопанските комори во Република Македонија и од Владата на Република Македонија.

| 12.2 | Задоволство на корисниците |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | Комплетност |
|---|---|

Не се пресметува.

| 13 | Точност и веродостојност |
|---|---|

| 13.1 | Севкупна точност |
|---|---|

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

| 13.2 | Примерочни грешки |
|---|---|

Не е применливо.

| 13.3 | Непримерочни грешки |
|---|---|

Грешки во опфатот: Се обезбедува околу 80% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска.

Грешки во обработката: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци.

Грешки во неодговорот: Извештајните единици кои не доставуваат извештај во законски определениот рок се контактираат телефонски. Исто така извештајните единици кои доставиле нецелосно пополнети извештаи се контактираат телефонски со цел да се обезбеди бараниот податок. Доколку извештајните единици кои се веќе вклучени во месечното истражување ИНД.1 воопшто не достават податок, се врши импутација на производството добиено со месечниот извештај од претходната година.

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

T+180.

### 14.2 Точност

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден (најавен) во Календарот за навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

### 15.2 Временска споредливост

Од 1952-1999 според Единствена класификација на дејности (ЕКД) и Номенклатурата на индустриски производи. Од 2000-2008 според Националната класификација на дејности - НКД Рев.1 и Националната номенклатура на индустриски производи (ННИП). Од 2009 година се применува Националната класификација на дејности - НКД Рев.2 и Националната номенклатура на индустриски производи (ННИП).

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Податоците се кохерентни меѓу различните делови на индустриските статистики. Кохерентноста со другите области е делумно обезбедена.

### 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

## 16 Трошок и оптовареност

Во прашалниците кои ги доставуваме до извештајните единици имаме вклучено прашање за тоа колку време им е потребно за пополнување на прашалникот, се со цел да се намали оптовареноста на извештајната единица.

## 17 Ревизија на податоците

### 17.1 Политика за ревизија на податоците

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: https://www.stat.gov.mk/RevizijaNaPodatocite.aspx .

### 17.2 Практика за ревизија на податоците

Не е применливо.

## 18 Статистичка обработка

## 18.1 Извори на податоци

Ова статистичко истражување е примерочно истражување. Примерокот се бира од Статистичкиот деловен регистар, од деловните субјекти кои се активни и поднеле Годишни сметки, а се регистрирани во секторите В/Б - Вадење на руди и камен, С/В - Преработувачка индустрија, D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и Е/Д само оддел 38 - Услуги за собирање, обработка и отстранување на отпад, рециклирање на материјали од Националната класификација на дејности - НКД Рев.2. Примерокот за „Годишниот извештај за индустрија“ (ИНД.21) покрива 85% од бруто додадената вредност во индустријата во 2020 година а извори на податоци се сметководствената и кадровската евиденција како и документацијата со која располага извештајната единица. Ажурирањето на примерокот се врши годишно. Во примерокот во 2021 година се опфатени 1350 деловни субјекти.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Годишна.

## 18.3 Прибирање на податоците

При прибирање на податоците се користи извештајниот метод. Извештајните единици доставуваат Годишен извештај за индустрија ИНД.21 до Државниот завод за статистика во одреден рок, за определена година. Претпријатијата сами ги пополнуваат податоците за производство, залихата на готови производи и продажбата на готовите производи на домашен и странски пазари и ги доставуваат до ДЗС најдоцна до 15.04. во тековната година за претходната година.

## 18.4 Проверка на податоците

Податоците од Годишниот извештај за индустрија ИНД.21 се споредуваат со податоците добиени од Месечниот извештај за индустрија ИНД.1. Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат извештајните единици.

## 18.5 Компилирање податоци

Едитирање: Пристигнатите податоци од деловните субјекти, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум, преку апликација со вградени онлајн-контроли.

Импутација: Ако извештајните единици кои се веќе вклучени во месечното истражување ИНД.1 воопшто не достават податок, се врши импутација на производството добиено со месечниот извештај од претходната година.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо.

# 19 Коментар

| A.1 | Анекси |
| --- | --- |
| | |